РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 04-109/1
25.01. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 22 од Законот за работните односи, член 77-г став 1 од Законот за култура, член 2 и член 3 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас со архивски број 01-134/4 од 26.02.2020 година како и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр. 19-1601/2 од 24.01.2024 година, а согласно член 13 став 2 алинеја 18 од Статутот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со архивски број 02-305/6 од 08.06.2015 година, бр.01-172/3 од 12.03.2019 година и бр.02-382/5 од 07.08.2020 г, се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2024

**I.** НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, има потреба од вработување на 1 (едно) лице, давател на услуги, на неопределено време, за следното **работно место**:

- Шифра КУЛ 03 04 Д03 001, Библиотекар - 1 (еден) извршител

**II. Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**III. Посебни услови кои треба да ги исполнуваат кандидатот:**

1. Кандидатот за работното место – **Библиотекар**, со шифра КУЛ 03 04 Д03 001, треба да ги исполнува следните посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити, стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на културата – од областа на Наука за книжевност, Филозофија;
- работно искуство: без работно искуство;

**IV. Распоред на работното време:**

Работното време е од понеделник до петок од 7:30 - 8:30 до 15:30 - 16:30 часот, со 40 работни часа неделно.

**-V. Паричен нето износ на плата**

Паричен износ за основна месечна нето плата за работното место Библиотекар изнесува **43.109,00 денари, односно бруто износ 65.132,00 денари (со коефициент 1.991)**.

**Напомена:**

Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2024 година со архивски број 01-533/1 од 10.08.2023 година и Е – Балансерот од овој план, предвидено е работното место да се пополни со припадник на заедница од албанска националност.

**VI. Рок за доставување на пријави:**

**Рокот за доставување на пријавите** за вработување со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневен печат и на интернет/веб страната на Музејот, www.mmb.org.mk.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот или да се симне од интернет страната на Музејот, www.mmb.org.mk

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Кандидатите, треба да ги достават потребните документи **(во оригинал или копија заверена на нотар)** за исполнување на општите и посебните услови:

- Пријава за јавен оглас;
- Кратка биографија (CV);
- Мотивационо писмо;
- Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци) и
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено соодветно образование.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање (општи и посебни).

Кон пријавата кандидатот може да достави и докази за дополнителни стручни усовршувања во врска со работното место кое се пополнува.

**VII. Начин на поднесување на пријавите:**

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја доставаат директно во архивата на Музејот (секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот) или по препорачана пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр.01/2024“ на адреса: НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, ул. 11 Март бр. 1,1000 Скопје.
Лице и телефон за контакт: Маја Алексоска, 02/3256- 668.

**VIII. Информација за спроведување на постапката:**

Ненавремените и неуредни пријави и документација нема да се разгледуваат.
Административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и спроведување на интервју, ќе врши надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.
Кандидатот кој внел лажни податоци се дисквалификува од натамошната постапка.
За резултатите од конкурсот, кандидатите ќе бидат известени по писмен пат.

За НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје

Ана Китановиќ, в.д. директор

Изготвил, Маја Алексоска
Помлад соработник за човечки ресурси

# ПРИЈАВА
# ПО ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ – СКОПЈЕ БР. 01/2024

| | |
|---|---|
| Работно место за кое се пријавува кандидатот (реден број и назив) | |
| **ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ** (од лична карта) | |
| Име и презиме: | |
| Матичен број: | |
| Датум и место на раѓање: | |
| Пол: | М Ж *заокружете |
| Припадност на заедница: | |
| Адреса на живеење<br>*внесете улица, број и место | |
| Телефон: | |
| Е-пошта: | |
| **ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТНО МЕСТО СО НАВЕДУВАЊЕ ДА/НЕ ЗА СЕКОЈ УСЛОВ ОДДЕЛНО (заокружете)** | |
| Државјанин на Република Северна македонија | ДА НЕ *заокружете |
| Активно го користам македонскиот јазик | ДА НЕ *заокружете |
| Полнолетен: | ДА НЕ *заокружете |
| Општа здравствена способност за работното место: | ДА НЕ *заокружете |
| Со правосилна судска пресуда нема изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност: | ДА НЕ *заокружете |
| **ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТНО МЕСТО СО НАВЕДУВАЊЕ ДА/НЕ ЗА СЕКОЈ УСЛОВ ОДДЕЛНО (заокружете)** | |
| Степен на образование: | ДА НЕ *заокружете |
| Вид на образование: | ДА НЕ *заокружете |
| Работно искуство: | ДА НЕ *заокружете |
| Под кривична и материјална одговорност изјавувам дека податоците внесени во пријавата се вистинити. | |
| Датум на пријавување: | |
| Потпис на кандидатот: | |